**2ри Април**

**Завршен извештај на ЕЦМП Проектот " НВО Трекалезна маса за меѓу-етничките односи во ПЈР Македонија " од Фарима Дафтари и Сунур Верма насловена "Лансирање на ЕЦМО НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија и за ЕЦМО Регионалните НВО Центри".**
ЕЦМИ извештајот # 20 беше објавен и циркулиран на албански, англиски и македонски јазик. Извештајот може да биде симнат од од веб страната на Мрежата www.ecmingonet.org.mk или може да биде добиен преку канцеларијата на ЕЦМП во Скопје на ул. Дрезденска 9, Телефон: +389 2 391 451, 391 452 и факс: +389 2 391 453.

**12ти Април 2002**

**Состанок со тимот на Проектот за реформа на локалната самоуправа**
Овој состанок се одржа во канцелариите на ЕЦМП во Скопје. Беким Имери- советник за општинско раководење и организација, J. Hugh Nichols – консултант и Кристина Хаџи-Василева –асистент за граѓанско учество го представуваа LGRP (Проект за реформа на локалната самоуправа финансиран од УСАИД/ ДАИ). Регионалниот представник на ЕЦМП им ја презентира на гостите иницијативана на ЕЦМП во Македонија. Тој ја елаборирање улогата на шесте Регионални НВО ресурсни центри како структури за поддршка на членовите на **" ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македониј**а". Регионалните центри редовно се консултираат со Локалната самоуправа при креирањето на иницијативи и предлог проекти. Беше предложено дека Центарот за советување на граѓаните и ЕЦМП Регионалните Центри може да соработуваат и понатамс да ја подобрат соработката со локалната самоуправа. Беше одлучено дека членовите на Регионалните центри ќе закажат заеднички состанок и ќе се обратат на прашања од интерес на општините и регионалниот НВО сектор.

**15ти Април**

**Ново назначување во Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје**
Г-ѓа Билјана Солева се придружи на тимот на ЕЦМП Канцеларијата во Скопје како Финансиски менаџер и Менаџер на веб страната. Г-ѓа Солева ќе биде одговорна за одржување и надградување на веб страната на Мрежата www.ecmingonet.org.mk. Таа тесно ќе соработува со администраторот на веб страната и со техничките асистенти од ЕЦМП Регионалните НВО ресурсни центри во креирањето на веб страната.

**15ти Април**

**Состанок на веб тимот**
Веб тимот на www.ecmingonet.org.mk страната се состана во просториите на ЕЦМП во Скопје и дискутирање за надградување навеб страната. Брзиот растеж на активностите на ЕЦМП Регионалните Центри и членовите на Мрежата резултира со потреба од дополнителни додатоци на веб страната. Беше одлучено дека ќе биде додадено ново копче насловено како Регионални центри. Како што и името сугерира преку ова копче ќе бидат додадени дополнителни информации поврзани со регионалните центри. Вестите, Грантовите и Линковите се редовно ажурирани. Развиен е прашалник и испратен до членовите на мрежата со цел да се проценат перформансите на веб страната.

**17ти Април**

**Состанок помеѓу Иницијатива за градење на довербата / ИОМ – канцеларија во Кочани и членовите на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен Центар, Куманово**

Членовите на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен центар Куманово ја поканија Shannon Martinez, програмски офицер од ИОМ Канцеларија во Кочани да ја запознаат со членовите на центарот во Куманово и да дискутираат со неа за делокругот на финансирање на заеднички меѓуетнички предлог проекти генерирани од членовите на Куманово. Беа присутни сите членови на центарот од Куманово и ги презентираа нивните организации. Многу прашања и беа упатени на Shannon Martinez за Иницијативата за градење на довербата. Shannon Martinez ја изрази нејзината подготвеност за соработка со членовите на Мрежата и ги охрабри да развиваат иницијативи на заедницата во Куманово.

Проект со брзи резултати наречен Сложувалка, развиен заедно од членовите и беше поднесен на г-ѓа Мартинез. Предлогот се обраќа кон итните потреби за градење на довербата кај албанските деца од школска возраст кои одбиваат да се вратат во нивните училишта од вооружениот конфликт од 2001. Работната група го идентификува ова прашање како горлив проблем во секторот на едукација во Куманово, кој продолжува негативно да се одразува врз нивото на доверба зо заедницата. Пилотниот проект има за цел да работи одблиску со родителите, учителите и групи деца од двете заедници. Овој проект ја доби поддршката на Општината, Министерството за образование и целата Мрежа на ЕЦМП во Куманово.

**20ти Април**
**Панел дискусија " Женските права се човекови права"**

Под мотото " Женските права се човекови права" Лигата на албанските жени, канцеларија во Чаир, Скопје, организираше панел дискусија во која 58 жени, експерти и активисти од разни полиња како образование, здравство, право, политика и невладин сектор зедоа учество на следната тема: Позицијата на албанската жена во Македонија и нејзинотот вклучување во демократските процеси. По презентацијата на реалната состојба за позицијата на Албнаксата жена во нашето општество и изјава дека ситуацијата е многу негативна, дискусијата продолжи со работа во четири групи кои работеа на можностите на дискусијата и нови начини за подобрување на постоечката ситуација.

Овој панел е заокружување на проект кој Лигата на албанските жени, канцеларија Чаир Скопје, го презеде за промоција на женските права. Активностите на овој проект се состое од осум трибини во локазните заедници во регионот на Скопје и едукативна кампања (брошури, памфлети и видео спотови ) на споменатата тема.

Овој проект е имплементиран со поддршка на Европската комискија – Европската Иницијатива за демократија и човекови права.

**20 април 2002**

**Проект Предлог-ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар во Битола**

Асоцијација на албанската жена-Битола во соработка со други членови на Ресурсниот Центар во Битола разви предлог-проект које се однесува на потребите на жените во Битола. Проектот еволуира преку развојниот круг на проекти усвоен од ЕЦМП НВО мрежата. Беше организиран состанок со репрезентативна група на жени, во ресурсниот центар, при што беа идентификувани проблемите и беше дискутирано за нив. Заклучоците од состанокот се искористија како агенда за следниот состанок кој беше одржан помеѓу претставниците на

локалната власт и членовите на ЕЦМП Центарот во Битола. Заклучоците од овие состаноци беа консолидирани како план за состанок помеѓу 25 женски НБОи и членови од ЕЦМП центарот во Битола. Заклучоците од овие состаноци беа искористени за креирање на предлог-проект со цел-формирање на рекреативен центар за жени во Битола. Општината во Битола се согласи да обезбеди простор за центарот, а се работи на обезбедување на помош од донатори за реновирање и опремување на центарот.

**22ри Април 2002**

**Доделување на грант**
ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен центар од Куманово поднесе пилот проект Меѓуетничко Радио Куманово за финансирање до ЕЦМП.
Предлогот е развиен од членот на мрежата АРКА и нивни партнери. Членовите на мрежата од Куманово чувствуваа дека предлогот ќе има повеќе шанси за финансирање ако пилотната студија вклучува и техничка анализа за отворање на радио станица. Предложената радио станица ќе емитува на шест јазици.
Подробности за проектот може да се добијар директно од АРКА ) КонтактЧ 11 Октомври 17/1-1, телефон и факс: +389 31 21362, е-маил: arka_ku@yahoo.com) или од веб страната на мрежата www.ecmingonet.org.mk/projects. ЕЦМП се согласи да го финансира овој проект.

**22 Април**

**Трибина за невработеноста организирана од страна ЕЦМП регионалниот НВО ресурсен центар во Тетово**
На 22 Април во организација на ЕЦМП НВО Регионалниот Центар во Тетово се одржа трибина на тема НЕВРАБОТЕНОСТ. Предавач на трибината беше г-дин Меваип Абдиу, актуелен директор на министерството за труд и социјална политика во Тетово. Трибината беше посетена од како од невработени лица така и од претставници на НВОи од Тетово и од локални медиуми. Трибината ја отвори техничкиот асистен на ЕЦМП НВО Регионалниот Центар во Тетово, која ги поздрави гостите на два јазици, и го покани предавачот Г-дин Абдиу да ги изложи своите гледишта во врска со темата на трибината. Представени беа причините за високиот процент на невработеност во Тетово и тетовскиот регион , поткрепено со реални бројки за стапката и структурата на образование на невработените луѓе во Тетово. Многу прашања му беа упатени на предавачот и следеше жива дискусија.Потоа следеа бројни прашања во врска со невработеноста упатени кон предавачот, како и дијалог меѓу посетителите на трибината
Беа разгледани можниостите за подобрување на оваа ситуација,, како и иницијативите кои невладиниот сектор може да ги преземе во ублажуваето на оваа ситуација.

**23- 28ми Април**

**Претставување на Унијата за култура на Власите во Македонија на Саемот на Книгата и Либрографиката во Скопје**

На саемот за книгата и либрографиката кој се одржа во Скопје од 23ти до 28ми април 2002, Унијата за култура на Власите во Македонија ги презентираше нивните публикации на Влашки јазик како и двојазичните изданија , Македонски – Влашки и Француски – Влашки. Унијата за култура на власите ги представи нивите четириесет двојазични изданија и тринаесет изданија на нивното списание на Влашки јазик ” Влашки Глас”.

**24 Април**

**Отварање на ЕЦМП регионалниот ресурсен центар во Штип**

Отварањето на ЕЦМП регионалниот ресурсен центар во Штип беше одржанон а 24 април 2002, во 12.00 часот. регионалниот центар е лоциран на адреса Ул.Ванчо Прке 62/3-2.

Церемонијата на отварањето беше посетена од страна на сите членки на ЕЦМП регионалниот НВО ресурсен центар, претставници од невладиниот сектор, локалната власт, меѓународни НВО и меѓународни организации, електронски и печатени медиуми. Беа присутни и претставниците на координативното тело на ЕЦМП НВО мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Македонија. Г-н Шенај Османов, претставникот на Штипскиот огранок на НВО во националното координативно тело на мрежата, ги поздрави присутните и го претстави акциониот план на штипскиот центар. Потоа проследи кратко обраќање од страна на регионалниот претставник Сунур Верма, кој даде кратко излагање за прокетот на ЕЦМП во Македонија, а потоа г-н Димитар Ефремов, градоначалник на градот Штип со своето обраќање ја изрази идната подршка од страна на неговиот кабинет, за ЕЦМП регионалниот центар во Штип. Потоа, Др. Дијана Георгиевска, член на националното координативно тело на мрежата ги поздрави штипските членови во име на координативното тело. Г-динЕфремов и Др. Верма потоа ја пресекоа лентата, со што го означија отварањето на регионалниот центар. Потоа беше приреден коктел. Исто така беше присутен и претседателот на Градското Собрание, г-н Благој Голомеов.

**26- 27 април 2002**

**Меѓународна тркалезна маса**

Сите организации членки на ЕЦМП Регионалниот Центар во Битола, беа поканети да учествуваат на меѓународната округла маса со работен наслов "Унапредување на меѓу-општинскиот дијалог и соработка, преку-гранична соработка во регионот на Преспанското и Охридското Езеро, во правец на воспоставувањето на Еврорегионот". Настанот се случи во хотел "Молика", а беше организиран од страна на Институтот Исток-Запад (www.iews.org). Др.Дијана Георгиевска, координаторот на ЕЦМП регионалниот центар во Битола, имаше свое излагање во делот за соработка меѓу НВО-ите. Таа на аудиториумот му ја претстави предноста од мрежната соработка и поврзувањата на НВО-ите. Состанокот обезбеди можност за средба и размена на гледишта со соработниците од градовите Корча(Албанија) и Флорина (Грција).

**30ти Април**

**Обука за техничките администратори од ЕЦМП Регионалните Центри**

Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје одржа курс за обука на техничките асистенти од ЕЦМП регионалните Центри. Целта на овој курс за обука беше да се зајакнат капацитетите на ЕЦМП Регионалнитте НВО центри за поддршка на НВО членките. Обуката се днесуваше на основните прашања од административната работа, финансиски менаџмент и менаџмент на веб страната.